**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

**Филозофски факултет**

Магистерски студии по специјална едукација и рехабилитација – специфични тешкотии во учењето

# Стилови на родителство и корелација со резултатите од третманот на дислексија кај деца со специфични тешкотии во учењето

- магистерски труд -


Изработил: **Марија Петровиќ** **бр. на индекс. 5364/21**

Ментор: **Ппроф. д-р Горан Ајдински**


**Скопје, 2023**

**СОДРЖИНА**

**I. АПСТРАКТ** ........................................ 1

**II.ВОВЕД** ........................................ 3

**III.ТЕОРЕТСКА ОСНОВА** ........................................ 8

1. ПОИМ И ДЕФИНИЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ ........................................ 9

1.1. СТИЛОВИ НА РОДИТЕЛСТВО ........................................ 10

1.2. СПЕЦИФИЧНИ ТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО И ДИСКЛЕКСИЈА ..... 15

2. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА ........................................ 16

**IV.МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ........................................ 23

1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ........................................ 24

2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................ 25

3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................ 26

4. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................ 27

5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................ 28

6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ ........................................ 29

7. ПОПУЛАЦИЈА НА ПРИМЕРОК ........................................ 30

8. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ ........................................ 31

9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................ 32

**V. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** ........................................ 33

1. ДЕМОГРАФСКА СТАТИСТИКА ........................................ 34

2. ДЕСКРИПТИВНА СТАТИСТИКА ........................................ 37

2.1. Резултати кај испитната група – Авторитативен стил на родителство ........................................ 37

2.2. Резултати кај испитната група – Авторитарен стил на родителство 43

2.3. Резултати кај испитната група – Пасивен стил на родителство....... 49
2.4. Резултати кај испитната група – Индиферентен стил на родителство ........................................................................................................55
2.5. Компарација на резултатите од четирите испитни групи. ................61
3. ДИСКУСТИЈА И РЕЗУЛТАТИ ОД ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА ..........................................................................................67
**VI. ВЕРИФИКАЦИЈА НА ХИПОТЕЗИ, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ........................................................................................ 70
1. ВЕРИФИКАЦИЈА НА ХИПОТЕЗИ ........................................................ 71
2. ЗАКЛУЧОК ...........................................................................................74
3. ПРЕПОРАКИ .........................................................................................75
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ...................................................................76
**ПРИЛОЗИ**................................................................................................81
1. ПРАШАЛНИК ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА СТИЛОТ НА РОДИТЕЛСТВО (PARENTING STYLE FOUR FACTOR QUESTIONNAIRE). ............................81
2. ТЕКСТ ЗА ТЕСТИРАЊЕ НА ДИСЛЕКСИЈА. ........................................ 86
3. ИНДИВИДУАЛЕН КАРТОН ЗА ИСПИТАНИЦИТЕ............................ 88

# I. АПСТРАКТ

Со оглед на тоа дека современиот свет става сè поголем фокус на стилот на родителството кое го негуваат родителите, целта на овој магистерски труд беше да се процени влијанието на стилот на родителството врз успехот на третманите за дислексија кај деца на возраст од 7 до 12 години. За таа цел беа оформени 4 испитни групи составени од по 8 деца кои соодветствуваа на четирите испитни стилови на родителство, имено, Авторитативен, Авторитарен, Попустлив и Индиферентен. Кај децата, беа нотирани параметрите одредени од Тродимензионалниот тест според Helen Sax (Ристовска-Каровска А., 2019), имено, брзина на читање, број на грешки и способност да се сфати контекстот на прочитаното при самиот почеток на испитувањето, по 3 и по 6 месеци, при што процентуално се проверуваше напредокот на децата. Анализата на податоците покажа дека децата на родителите што го негуваат Авторитативниот стил забележаа најголемо подобрување, следено од Авторитарниот, Попустливиот и на крај беше Индиферентниот стил, кој се покажа како најнесоодветен.

Клучни зборови: дислексија, стил на родителство, авторитативен, авторитарен, попустлив, индиферентен.

# I. ABSTRACT

Taking into account that the modern world puts an ever growing emphasis on the style of parenting being used by parents, the goal of this master's thesis was to evaluate which style of parenting would yield the best results when treating children, at the age of 7 to 12 years old, from dyslexia. With this in mind, 4 groups were formed, each corresponding to the four styles of parenting being examined – Authoritarian, Authoritative, Permissive and Uninvolved, composed of 8 children. The children were tested in regards to the speed with which they read the text, the number of mistakes they made and if the understood the context of the text. These parameters were set by the Tridimensional test by Helen Sax. The results were noted in three intervals – at the beginning of treatment, after three months and after six months. The analysis of the data showed that the children from the Authoritative group showed the biggest improvement, followed by the Authoritative, the Permissive, and in last place, the children from the group where a Neglectful style of parenting was used.

Key words: dyslexia, style of parenting, Authoritarian, Authoritative, Permissive, Neglectful.

# II.ВОВЕД

Родителството е несомнено една од најважните работи во животот. Грижливиот и одговорен родител е топол, трпелив и одвојува доволно време за комуникација со своето дете. Можеби тоа е едно од најнесебичните искуства со кое човек може да се збогати на патот на елиминацијата на егото. Здравиот емотивен развој на детето зависи од родителите што се првите креатори на одлуките што детето ќе ги носи понатаму во животот. Во градењето на современите концепти за родителство се преплетуваат ставовите за тоа дека правилното воспитување се состои во квалитетниот модел кој го добиваат децата, но и промената што ја носат современите родители кога на грешките гледаат сосема поразлично. Оттука, најпрестижната максима не е само во сферата на родителството, воспитувањето, туку и генерално во постојаната социјална интеракција помеѓу луѓето од која треба да се цели да се извлече најдоброто од секого, односно да се забележи, да се поттикне и да се направи видливо кај секого, она што е (нај)добро, позитивно и хумано. Во таков контекст децата ќе ги препознаваат овие квалитети кај другите, бидејќи веќе ги поседуваат.

На некој начин позитивните пристапи претставуваат противтежа на амбиентот во кој живееме и во кој владеат спротивните тенденции. Во таа смисла прашањата поврзани со сето она што значи да се биде добар родител или што сè се подразбира под терминот позитивно родителство, се базираат на разбирање на релациите што родителите ги градат со своите деца и зависат од тоа колку средината во којашто децата растат е стимулативна и позитивна. Релативна е мерката колку еден родител е повеќе или помалку добар, и токму затоа во поновата

литература сѐ повеќе се користи терминот „свесни“ родители, што укажува на степенот на свесност на своето делување, на свесност кон својот концепт како родител во најдобар интерес на детето. Свесноста за родителското делување, говорење и притоа трагање кон позитивните нешта во личноста на секое дете е првиот чекор кон пристап на позитивното родителство. Моделот на позитивно родителство се базира на задоволување на темелните потреби на детето преку лична родителска вклученост, структура во текот на целиот ден но и постојана поддршка на детскиот раст и развој. Додека, пак, во однос на грешките, во светски рамки сѐ повеќе се зборува за нивно „славење“ во контекст на „освестување“ дека нешто не знаеме и, сепак, нѐ учат за тоа како не треба да биде. Децата често разбираат повеќе од што можат да покажат или кажат. Внимателно ги слушаат и ги впиваат сите наши зборови, како и начинот на кој им се обраќаме, а родителите честопати ја потценуваат нивната моќ за расудување.

Во таа насока несомнена е потребата детето од најрана возраст да има стимулативна средина во која ќе може да ги развие сите аспекти (интелектуалниот, физичкиот, емоционалниот, социјалниот аспект) од својата личност. Токму и затоа е неопходно да се прават обиди овие информации на базична основа да стигнат до секој родител за да се поттикне семеен и општествен амбиент во кој ќе се етаблираат реални, постојани и позитивни интеракции помеѓу родителите и децата, да се обезбедат услови секое дете да има пристап до институционалните услуги и да се креира средина во која ќе може детето да ги впие сите позитивни надворешни влијанија но, исто така да го манифестира своето доживување (Тасевска, 2022).

Разбирањето на социјалната состојба и менталното здравје на родителите е од клучно значење за разбирање на одредени недостатоци во воспитувањето на децата. Во денешното модерно општество, каде родителите се постојано изложени на економска несигурност, како и нееднаквост во пристапот на одредени услуги и економски прилики поради расни, етички, како и емигрантски причини, доведува до неадекватно родителство поради некои фактори кои се надвор од контролата на родителите (Nomaguchi, 2020).

Стиловите на родителство во голем дел варираат во однос на социоекономската ситуација, етничката припадност како и културните и општествени разлики, но постои прашањето – дали и покрај овие разлики, постојат универзални карактеристики за родителство, кои би довеле до воспитување на децата што ќе бидат правилно социјализирани, без тешкотии во учењето? Дали овие карактеристики, би влијаеле и на пандемијата на детската обезност? (Thomas, 2013)

Стилот на родителство кој го негуваат родителите, исто така, е под влијание на нивната лична перцепција врз своето дете. Во ситуации каде родителите го доживувале своето дете како – тешко или проблематично, се стремеле повеќе кон стилови на родителство базирани на казни и закани, додека пак родителите кои го доживувале своето дете како – умно и послушно се стремеле кон понежни стилови на родителство. Но, иако родителите најдобро ги познаваат своите деца, тоа е нивна лична, субјективна перцепција за децата, и во никој случај тоа не е оправдување за употреба на стилови на родителство базирани на казни и закани, туку на секое дете треба да му се даде

стабилност, внимание, нежност и структура (Delvecchio, Germani, Raspa, Lis, Mazzeschi, 2020).

Оваа комплексност, во однос на стиловите на родителство и нивното можно влијание врз успехот на дефектолошката терапија, е тема од интерес која заслужува понатамошно истражување.

# III.ТЕОРЕТСКА ОСНОВА

## 1. ПОИМ И ДЕФИНИЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ

Во контекст на оваа проблематика, неопходно е да се даде одговор и на прашањето: Колку родителството е важно и колку може да има силно и позитивно влијание врз детето? Во таа смисла особено е значајно за секое дете да се создаде семеен амбиент, *родителски стил* и пристап кој ќе биде поддржувачки и со силно и позитивно влијание во целиот процес на интеракција, раст и развој на детето. Релациите што родителите ги имаат со децата кога растат и се развиваат се особено значајни, стимулативната семејна средина што ги опкружува има големо влијание во нивниот раст и развој, но и родителскиот стил кој се применува остава длабок печат врз квалитетот на детството. Во литературата постојат родителски стилови кои се делат според тоа колку родителот е топол и колку очекува или бара од детето. Во определено време може да се користат еден или повеќе различни родителски стилови, но секогаш постои еден доминантен родителски стил што најчесто се применува.

## 1.1. СТИЛОВИ НА РОДИТЕЛСТВО

Родителските стилови се предмет на многу анализи и разгледување од различни аспекти и главно се насочени кон општоприфатената класификација на четири видови, и тоа:

- Авторитарен родителски стил;
- Попустлив родителски стил;
- Индифиерентен родителски стил;
- Авторитативен родителски стил.

Родителот со *авторитарен стил* е строг, очекува многу од детето, но не му пружа доволно поддршка и топлина. Авторитарниот родител поставува структура, граница и дисциплина. Овој стил се обидува да го обликува, да го контролира и да ги оценува однесувањето и ставовите на детето во согласност со својот личен родителски стандард. Авторитарниот стил не им дава можност на децата самостојно да носат одлуки. Се применува казна наспроти водење и насочување на децата кон добро однесување. Децата кои растат со авторитарен родителски стил може да станат покорни, да немаат самодоверба и потешко се опуштаат затоа што немале доволно топлина во домот. Авторитарните родители не секогаш го земаат во предвид детскиот темперамент или развојната фаза на детето.

*Попустливиот родителски стил* не поставува граници за своите деца, својата љубов ја покажуваат со давање дозвола за сè што децата ќе посакаат. Најчесто дозволуваат децата да имаат моќ над нив. Ова родителство, е уште еден специфичен стил на родителство. Станува збор за родители што имаат тенденција да бидат меки додека се

обидуваат да избегнат конфронтација. Правилата кои се поставени за децата од страна на попустливите родители, се неконзистентни и овој недостаток предизвикува овие деца да растат со мала самодисциплина и самоконтрола. Родителите што го поседуваат попустливиот стил се многу топли, полни со љубов, посветени и одговорни, но не секогаш обезбедуваат насоки, структура и граници што се неопходни за децата и преку кои децата ќе можат да развијат дисциплина и добро однесување. Попустливите родители не се секогаш консеквентни во своите одлуки и дејствувања и не ги учат децата на фактот дека нивното однесување има големо влијание и носи последици. Нивното однесување не секогаш е во согласност со степенот на моменталниот развој на детето. Овие родители не посветуваат внимание на детската потреба од граници, структура и почитување на развојната фаза, за да можат успешно да ги пребродат сите потешкотии и препреки во личниот прогрес. Децата на родителите кои применуваат попустлив стил се чувствуваат среќни и сакани, но имаат недостаток од сопствена дисциплина и недоволно развиени социјални вештини за што понекогаш може да се почувствуваат анксиозни и несигурни. Децата на родителите што применувале попустлив стил имаат недостаток да се фокусираат на образовен успех и да се справат со структурата во образовната средина.

Податоците покажуваат дека *индиферентниот родителски стил* е сè поприсутен во современото живеење. Главна карактеристика на овој стил е лишување на детето од влијанијата на вистинското родителство. Овие родители се насочени кон себе и живеат во сопствен свет. Најчесто немаат време за родителството, бидејќи постојано се

зафатени со своите работни обврски и едвај да се свесни за потребите на своите деца. Во семејно опкружување каде владее овој стил децата растат без насоки и без топлина. Децата што растат со овие родители развиваат негативен или отсутен однос со нивниот родител, и токму поради тоа имаат потешкотии да формираат социјални односи, особено со врсниците.

Податоците покажуваат дека родителскиот стил што е најдобар за децата е *авторитативниот стил на родителство*, бидејќи родителот има авторитет но во исто време дава и поддршка. Тоа е стил што во себе ги содржи предностите од сите други стилови, се карактеризира со топлина, внимание, но исто така, обезбедува структура и граници што многу повеќе се базираат на водство отколку на казна. Овој тип на родители ги разбираат потребите на децата, поставуваат прашања, на работите гледаат низ призмата на детските очи, многу време посветуваат во објаснување, дискутираат со своите деца и ги вклучуваат во процесот на носење одлуки. Авторитативните родители, речиси секогаш го разгледуваат родителскиот ситуациски контекст. Овие родители им помагаат на децата да растат и да се развиваат самостојно. Тие се доследни во своето однесување, бидејќи тоа е моделот по кој децата најдобро и најбрзо учат. Родителите што го негуваат овој родителски стил даваат можност, простор и време децата да одлучуваат, ги охрабруваат да преземат ризик и да учат од сопствените грешки. Децата пак, што растат со овој родителски стил имаат поголема самодоверба, се чувствуваат посреќни, покажуваат поголема социоемоционална зрелост од другите деца. Овие родители им даваат поддршка на своите деца за големи постигнувања.

Кога станува збор за родителските стилови, особено е значајно да се препозне кој е доминантен родителски стил кој најчесто се применува и да се развие свесност за тоа како родителството влијае врз развојот на детето и квалитетот на детството.

Горенаведените аспекти даваат слика за позициите на родителите и нивното поврзување со сопствените деца, и притоа се дава одговор на две прашања: како и на кој начин родителите дејствуваат. Во овој контекст се отвараат дилемите за себе-перцепцијата на родителите поврзани со нивните компетенции, потреби и можности за воспитување на своите деца. Од тие причини програмата за позитивно родителство е насочена кон развивање на родителски компетенции кои се однесуваат на познавање на развојните карактеристики на детето, знаењето што е најдобро за своето дете во рамките на своето семејство, но и надвор од него, како и знаења, способности и вештини за примена на воспитните постапки во разновиден родителски контекст. Во таа смисла родителските компетенции претставуваат: развој на вредности, развој на одговорност на родителите кон своите деца, почитување на правата на децата, почитување на автномијата и автентичноста, третман на рамноправност на децата, како и почитување на детската личност во целина. Современиот родителски контекст пред родителите поставува очекувања да работат на себе, да се развиваат во својата родителска улога, но и да го откријат својот родителски потенцијал и своите можности, сè со цел да обезбедат квалитетно детство за своите деца.

Во научната класификација постојат 4 родителски стилови, од кои може да постои еден што е доминантен, но во секојдневието се случува да се испреплетуваат сите останати. Тие се делат според тоа колку родителот има очекувања, колку дава топлина, колку бара контрола и строг пристап и колку е заинтересиран за растот и развојот на детето и неговиот целокупен живот. Тоа се авторитарниот, попустливиот, индиферентниот и авторитативниот родителски стил.

Современиот родител има обврска да создаде подобар, поискрен и похуман свет со многу љубов и слобода. Тоа се аспектите што му се потребни на овој свет во којшто живеат возрасните личности, со сите предности и маани на воспитанието по кое возрасните се моделирани, но и начинот на кој децата растат. Секојдневно се заборава на базичните потреби што секоја личност ја движат напред, а тоа е многу насмевки, љубов, слобода, хумани односи, добронамерност, почит, внимание, работи што нè одвојуваат од вештачката интелигенција. Сè повеќе се промовираат програми за социјален развој, емоционален развој, сè повеќе се води дебата дали меките вештини се базични вештини на луѓето и како тие треба да се негуваат и развиваат.

## 1.2. СПЕЦИФИЧНИ ТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО И ДИСЛЕКСИЈА

Според интернационалната асоцијација за дислексија, дислексијата е специфична попреченост во учењето која има невробиолошко потекло кое се карактеризира со тешкотии во правилното и/или флуентно препознавање на зборовите, проблеми со спелувањето и проблеми со способноста за декодирање.

Проблемите кај децата со дислексија потекнуваат од тешкотии во процесирањето на гласовите во рамките на зборовите и воспоставувањето конекции меѓу гласовите и пишаните симболи-букви, како и шемите на комбинации од букви – кои ги репрезентираат гласовите во зборовите. Терминот проблеми во учењето или попреченост во учењето е чадор-термин кој ги опишува специфичните проблеми со процесирањето на информации и вештините за учење. Дислексијата е најчестата попреченост во учењето (Rief, Stern, 2010).

Еден од најсоодветните тестови за процена на читањето е Тродимензионалниот тест на читање. Овој тест, кој е адаптација на стандардизираниот тест на Helen Sax, се состои од два дела – еден за помлада и еден за постара училишна возраст. Се испитуваат три важни компоненти на читањето: брзина на читањето, точност (број на грешки) и сфаќањето на смислата на прочитаното (Каровска Ристовска , Кардалеска, Ајдински , Шурбановска, 2018).

## 2. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Влијанието на силната родителска единица можеме да ја забележиме во истражувањето спроведено од Lee Ellis et al, каде се нотирани значително подобри академски резултати кај децата воспитани од стабилни семејства, кај кои родителите останале заедно за времето на нивниот развој, во споредба со децата од семејства чии родители се разделиле. Резултат, кој иако не е изненадувачки, сепак е значителен да се евидентира (Ellis, Hoskins, Malini, 2018).

Авторот Томислав Куљиш, креатор на програмата „Родителство од 0 до 6“ и основач на центарот *Природно родителство*, смета дека не е неопходно родителите да бидат совршени за да бидат добри родители. Тој смета дека на мозокот на детето и на неговата филозофија на живеење им е потребно подмирување на основните потреби кои не се опипливи, видливи, затоа што се работи за состојби и за односи, а недоволноста или недостигот резултира со неостварување на детските потенцијали. *Природното родителство* – едноставно, е „нормално“ родителство за да може кај детето, особено во раниот детски развој, да се одвиваат сите природни развојни процеси. Според Куљиш постигнувањето на природното родителство не е прашање на воспитни методи и техники, како што досега родителите дејствуваа. Во својата основа природното родителство претставува создавање предуслови за природен развој на сите потенцијали на детето. Неопходно е да се направи дистинкција помеѓу природното родителство и попустливото родителство, не е возможно да се поистоветат, бидејќи тоа е дел од квалитативната разлика во детството. Недостигот од родителските

лични граници кои го ставаат детето во простор на дезориентираност, несигурност, неповрзаност, без чувство за своите и за туѓите граници и без добри социјални вештини е карактеристика на попустливото родителство, но непознато за природното родителство.

Додека пак, концептот за *едноставното родителство* се објаснува во студијата насловена Simplicity Parenting: Using the Extraordinary Power of Less to Rais Calmer, Happier and More Secure Kids каде современи автори зборуваат за родителскиот, детскиот и животниот контекст. Откриваат 4 категории на *премногу нешта* (т.н. нови стандарди во современото живеење) со кои мора да се справиме, а тоа се: премногу предмети, премногу информации, премногу избор. премногу брзо темпо (Payne, Ross, 2019).

Според авторите, кога децата се премногу задоволни тие немаат време да размислуваат, истражуваат и да се релаксираат. Немаат можност да ги средат своите мисли и впечатоци, да навлезат во својот свет на фантазија и имагинација (особено значајни за предучилишниот период на детето), а сето тоа доведува тие да се чувствуваат несреќни и одново незадоволни.

Во истражувањето на Carlos Salavera et al забележал дека дистрибуцијата на стиловите на родителство била поврзана со полот. Тие забележале дека мажите гравитирале кон авторитарниот стил, додека пак, жените повеќе негувале попустлив стил на родителство. Во нивното испитување тие ја испитувале корелацијата помеѓу стиловите на родителство и социјалната интеграција на децата. Тие заклучиле дека авторитативниот стил, со неговата демократска основа, давале

најдобри резултати од аспект на социјална интеграција на децата, споредено со останатите стилови на родителство (Salavera, 2022).

Авторитарниот стил на родителство, базиран на критиката и константен притисок врз децата, според статијата на Perry Christin, многу често доведува до развивање на психолошки растројства кај децата. Ова таа го поистоветува со фактот дека за време на нивниот развој не им се посветува внимание на нивните лични потреби, односно целиот фокус е ставен на неуспесите (Perry, 2019).

Стилот на родителство, според Dr. Jeff Howenstein et al, исто така има големо влијание и при соработката на децата, како при нивното одење во градинка, така и при нивните први посети на стоматолог. Децата кои имале авторитативен родител и редовно оделе во градинка, покажале значително подобро однесување и помалку расипани заби, споредено со децата кои имале авторитарни и попустливи родители (Howenstein, 2015).

Еден од специфичните ризици, кога станува збор за попустливиот вид на родителство бил истражуван од Vance Rebecca, а тоа е нарцисизмот. Ова истражување покажува корелација помеѓу овој вид на родителство и нарциситички тенденции кај децата, иако оваа корелација е тешко да се докаже дека е директно поврзано со стилот. Факт кој нѐ тера да ја увидиме комплексноста на родителството, која е многу тешко јасно да се дефинира (Vance, Macgyvers, 2020).

Индиферентниот начин на родителство, во истражувањето на Kimble и нејзините соработници, извршено врз 445 мајки на дечиња на

возраст од 7 години, се покажал како клучен фактор во развојот на симптоми на депресија. Ова е логичен заклучок, со оглед на тоа дека децата, кои се особено ранливи и желни за внимание во нивните формативни години, доколку не ги добијат истите, ќе развијат вакви чувства. Во истото испитување, исто така, била испитана и корелацијата помеѓу авторитарниот начин на родителство и чувството на анксиозност, но во овој случај не била забележана значителна корелација (Kimble, Hubs-Tait, Topham, Harrist, 2015).

Влијанието на стилот на родителство врз однесувањето кај децата на возраст од 5 до 6 години, односно непосредно пред почетокот на училиштето, било тестирано од страна на Rikuya Hosokawa et al. Во нивната студија, тие забележале корелација помеѓу авторитарниот стил на родителство и проблематични деца, од двата пола, додека пак, попустливиот стил резултирал во проблематични деца од машки пол. Нивниот заклучуок од ова истражување бил дека, при идентификација на овие проблематични деца, фокусот треба да биде ставен на родителите, односно да се едуцираат родителите за негативните ефекти на овие стилови на родителство (Hosokawa, 2018).

Успехот на авторитативниот стил на родителство, од аспект на емоционална автономност и самодоверба, бил тема од интерес на Jain и Boora. Во нивното истражување, спроведено на адолесценти на возраст од 14 до 19 години, од семејства со родители во брак, била забележана силна поврзаност помеѓу ваквиот стил на родителство и емоционалната автономност и голема самодоверба.

Сепак, сето ова треба да го земеме со резерва, бидејќи родителството е спектар со многу фактори и варијабли. Ова најдобро можеме да го забележиме доколку ги споредиме резултатите од исти начини на родителство, во различни култури, односно средини. Авторитарниот стил можеби не е соодветен за деца кои растат во Европа, но децата од азиските земји, особено на Истокот, покажуваат многу подобри академски резултати, доколку се применува овој стил на родителство, во споредба со другите. Овој феномен бил тема на истражување на Fabiyanti и Rachmawati, кои ги истражувале финесите во родителските стилови и нивната соодветност во различни региони и култури (Fabiyanti, Rachmawati, 2021).

Карактеристиките на воспитувањето на самите родители можат да бидат сеприсутни во однесувањето на нивните деца во текот на нивните формативни години. Како што растат децата, нивниот развој може, исто така, да биде под дејство на други надворешни фактори, како терапија, култура, друштво. Од голема важност е да се идентификуваат кои проблеми во однесувањето на децата се поврзани со воспитувањето на родителите, како психолошки (употреба на висок тон), така и физички (константно јадење) и благовремено да се елиминираат, бидејќи овие проблеми можат да бидат многу битни кај децата со проблеми во односот и учењето (Sanvictores, 2023).

Ефектот на стилот на родителство кај децата на претшколска возраст бил испитуван од страна на Anna Cecilia McWhirter et al. Во нивното испитување, нотиран бил ефектот на стилот на родителство и неговата корелација со бројот на поплаки од страна на воспитувачите

од градинките, како и нивото на стрес кај родителите. Според нивните резултати, родителите со индиферентен стил на родителство покажале најголемо ниво на стрес, следени од авторитарните, пасивните и авторитативните, редоследно. Од аспект на бројот на поплаки, резултатите биле идентични, со што јасно се гледа ефектот на стилот на родителство (McWhirter, McIntyre, Kosty, Stormshak, 2023).

Класификацијата на дислексијата како специфична потешкотија во учењето е оспорувана во модерната литература. Во трудот на Margaret Snowling et al, оваа класификација е доведена во прашање, бидејќи тие докажале дека дислексијата може да се појави низ целиот спектар на IQ, со што докажуваат дека нема директна корелација помеѓу појавата на дислексија и потешткотиите во учењето, кои се поврзуваат со ниска интелигенција. Според нив, оваа состојба е развојно растројство, и ваквата класификација би била од голема помош за понатамошно проучување на оваа состојба, како и нејзина соодветна дијагноза (Snowling, Hulme, Nation, 2020).

Во испитувањето на Schulte-Körne, каде била испитувана дислексијата во поголеми детали во однос на етиологијата и факторите кои влијаат врз успехот на третманот, можеме да забележиме интересен детаљ кој има потенцијал да биде многу релевантен за нашето истражување. Според него, 40-60% од лицата со дислексија покажуваат знаци на психолошки растројства, меѓу кои најчести се анксиозноста, депресијата и недостатокот на внимание. Со оглед на тоа дека одредени стилови на родителство можат да ги потенцираат или намалат овие психолошки состојби кај децата, очекуваме соодветните стилови да

имаат директен ефект врз третманот на дислексијата (Schulte-Körne, 2010).

Во истражување слично на горенаведеното, Huang A. et al го испитувале нивото на самосвесност кај деца со дислексија од аспект на социјално-географската ситуација на децата, како и стилот на родителство кој го негувале родителите. Според нивното истражување, децата од рурални средини и децата на родители кои негувале авторитативен стил покажале поголемо ниво на самосвесност, споредено со децата од градски средини и други стилови на родителство. Ова ни посочува дека покрај стилот на родителство, големо влијание има и средината во која растат децата, особено притисокот при живеење во големите градови (Huang, Sun, Zhang, Lin, Lin, Wu, Huang, 2021).

Ефектот на дислексијата не е само на децата, туку и на родителите. Ова е тема на истражување на Bonifacci и неговите соработници, кои направиле истражување на две групи родители – родители на деца со дислексија и родители на деца што немаат тешкотии во читањето. Иако параметрите за депресија и функционалност на семејната единица не покажале значителни разлики, нотирано е значително поголема вознемиреност кај родителите на децата со дислексија, што е за очекување. Овој факт може да влијае во односот кон нивните деца, односно да влијае на нивниот стил на родителство (Bonifacci, Montuschi, Lami, Snowling, 2014).

# IV. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на ова истражување беа разните стилови на родителство и нивното влијание врз успехот на дефектолошкиот третман на дислексија. Во ова истражување беа следени авторитарниот, попустливиот, индиферентниот како и авторитативниот стил на родителство.

Авторитарниот стил е заснован на строгост, дисциплина, високи очекувања и недостаток на топлина и блискост.

Попустливиот стил е базиран на покажување љубов преку целосно допуштање на децата да прават што сакаат, со што се менува динамиката на моќта во односот родител-дете.

Индиферентниот стил е карактеристичен за родители кои се фокусирани на себе, а децата се во втор план, со што имаат недостаток на насоки и внимание.

Авторитативниот стил е теоретски најизбалансираниот, каде родителите им даваат структура на децата, но исто така, им пружаат љубов и топлина.

## 2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на ова истражување беше да се нотира влијанието на различните стилови на родителство врз успехот на дефектолошкиот третман на дислексија, конкретно во однос на три параметри: брзина на читање, број на грешки и способност да се разбере суштината на прочитаното.

Имајќи го ова во предвид, ова истражување имаше квантитативен и прогностички карактер, каде по компарација на податоците, можеше да се направи предлог за најсоодветен родителски стил за успех на овој вид терапија.

## 3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- Да се утврди влијанието на авторитарниот стил на родителство врз успехот на третманот на дислексија;
- Да се утврди влијанието на попустливиот стил на родителство врз успехот на третманот на дислексија;
- Да се утврди влијанието на индиферентниот стил на родителство врз успехот на третманот на дислексија;
- Да се утврди влијанието на авторитативниот стил на родителство врз успехот на третманот на дислексија.

## 4. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Врз база на достапната литература, а и од нашите професионални искуства, по анализата на податоците, ги очекуваме следните резултати:

- Х1 - Различните стилови на родителство да дадат различни нивоа на успех во третманот на дислексија;
- Х2 - Авторитативниот стил очекуваме да доведе до најдобри резултати на третманот.
- Х3 - Авторитарниот стил очекуваме да доведе до релативно позитивни резултати на третманот;
- Х4 - Попустливиот стил очекуваме да доведе до минимално позитивни резултати на третманот;
- Х5 - Индиферентниот стил очекуваме да има најмало влијание врз успехот на третманот.

## 5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Стиловите на родителство се базираат на односот на родителот спрема детето, структурата, вниманието и љубовта која ја пружа, а од тука, разликуваме:

- **Авторитарен стил;**
- **Попустлив стил;**
- **Индиферентен стил;**
- **Авторитативен стил.**

Параметрите во третманот на дислексија кои беа измерени:

- **Брзина на читање;**
- **Број на грешки во читањето;**
- **Способност да се сфати контекстот на прочитаното.**

Релевантни варијабли кои можат да влијаат врз резултатите од истражувањето се возраста на родителите, дали негуваат исти стилови на родителство, дали еден родител е доминантен во воспитувањето на детето, социјалната и општествената позадина на родителите и децата, како и карактерот на детето.

# 6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ

Истражувањето користи квантитативен метод, при што се определува стилот на родителство со помош на стандардизираниот прашалник - Стил на родителство базиран на четири фактори(Parenting style four factors (Shyny , 2017). Успехот на третманот на дислексија беше нотиран со помош на дизајниран текст кој беше употребуван само во интервалите на испитување, при што беа нотирани параметрите одредени од Тродимензионалниот тест според Helen Sax (Ристовска Каровска А., 2019), имено, брзина на читање, број на грешки и способност да се сфати контекстот на прочитаното.

Истражувањето се одвиваше во три интервали - инцијална посета, каде беше одреден стилот на родителство, дијагностицирана дислексија, како и нотирани прелиминарни резултати при читање на одредениот текст за тестирање на параметрите од Тродимензионалниот тест. Потоа, успехот на третманот беше нотиран уште во 2 интервала, имено по 3 месеци и по 6 месеци.

## 7. ПОПУЛАЦИЈА НА ПРИМЕРОК

*Популација на истражувањето* - За реализација на поставените цели, истражувањето беше спроведено на испитаници во сопствена грижа, како и од страна на колеги во соодветни установи за дефектолошки третман на дислексија.

*Примерок на истражувањето* - Како примерок на истражувањето беа вклучени 32 деца, по 8 во секоја од испитуваните стилови на родителство, на возраст од 7 до 12 години, без ограничување на половата дистрибуција на децата. Родителите кои учествуваа во испитувањето, пред почетокот на истото, потпишаа согласност за учество. Критериум за вклучување во испитувањето освен возраста на децата, е децата да се типични. Од истражувањето беа исклучени испитаници кај кои беа забележани наведените фактори: деца со интелектуална попреченост или други развојни нарушувања, деца со други тешкотии во учењето, деца со синдроми, деца со хендикеп, родители кои не се во брачен однос.

## 8. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Добиените податоци од истражувањето беа статистички обработени, при што добиените резултати беа прикажани табеларно и графички, а самите резултати беа анализирани и дискутирани во корелација на нашите хипотези, како и достапната литература.

Во текот на ова пред-потоа истражување, каде беа нотирани податоци во три временски интервали, беа употребени анализи на временски серии, како и мулти-групни тестови, поточно беше употребен АНОВА ($p<0.05$ - One way repeated measure ANOVA), со кој одредивме дали популациите на четирите испитни групи покажуваат статистички сигнификантни разлики во успехот на третманот, како и т-тест за компарација на аритметички средини со ниво на значајност од $p<0.05$.

## 9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Иницијално се дијагностицираше дислексијата кај децата, по што беше земена анамнеза, како би се нотирало дали ги исполнуваат сите критериуми за вклучување во истражувањето. Потоа родителите потпишаа согласност за да учествуваат во истото, по што го пополнија прашалникот за определување на стилот на родителство кој го негуваат. Во иницијалната посета, децата се тестираа со Тродимензионалниот тест за дислексија, по што резултатите беа нотирани во индивидуален картон. Најголемиот дел од истражувањето течеше со нормална, односно најчестата терапија за третирање на дислексијата, 2 пати неделно, по што на родителите им беа дадени вежби и беа советувани да работат со своите деца и во домашни услови. Успехот на третманот беше нотиран по 3 и по 6 месеци, период по кој беа забележани дефинитивните резултати од истражувањето. Потоа, добиените резултати статистички беа обработени. Овие резултати ни дадоа одговор на поставените хипотези, со што можеме да го одделиме најсоодветниот стил на родителство за успех на третманот на дислексија.

# V. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ДЕМОГРАФСКА СТАТИСТИКА

Во анализата на добиените резултати првично се прикажани релевантните демографски анализи за нашето истражување, односно дистрибуцијата на испитаниците според варијаблите: пол, возраст и број на неделни третмани.




Графикон бр.1 – Полова дистрибуција

Податоците од анализата покажуваат дека 18 испитаници (56.25%) се од машки пол, додека пак, 14 (43.75%) се од женскиот пол.




Графикон бр. 2 – Возрасна дистрибуција

Од аспект на варијаблата возраст, на датумот на првиот третман на испитаниците, нотиравме 9 (28.13 %) испитаници на возраст од 7 години, 7 испитаници или (21.88%) на возраст од 8 години, ист број како и испитаниците на возраст од 9 години. Најмала застапеност е нотирана кај испитаниците на возраст од 10 години, претставени само со 1 (3.13%) испитаник, додека пак, 4 испитаници (12.5%) беа на возраст од 11 години и 3 испитаника (9.38%) на 12-годишна возраст, соодветно.




Графикон бр. 3 – Број на третмани дистрибуција

Од аспект на варијабилата – број на неделни третмани, нотирана е следната дистрибуција – 19 (59.38%) испитаници кои беа подложени на 2 третмана во една недела и 13 испитаници (40.63%) кои беа подложени на 3 третмани во текот на една недела.

# 2. ДЕСКРИПТИВНА СТАТИСТИКА

## 2.1. Резултати кај испитната група – Авторитативен стил на родителство

На табела бр. 10 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Авторитативен стил на родителство, од аспект на варијаблата - брзина на читање, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на брзината на читање на испитаниците, изразена во минути, изнесуваше 19.25. Во наредните 2 интервали можеме да забележиме константно намалување на оваа вредност. При посетата по 3 месеци, средното време на читање кај испитаниците изнесуваше 15.63 минути, додека пак, по завршувањето на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме време на читање од 10.13 минути.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.13 ни укажуваат на константно подобрување во брзината на читање на испитаниците во оваа испитна група.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 92.41368, а вредноста на $p<0.0001$, резултатите се статистички сигнификантни при $p<0.05$.

| Брзина на читање - Авторитативен | N | ∑X | $\sum X^2$ | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 154 | 3072 | 3.9188 | 19.25 |
| По 3 месеци | 8 | 125 | 2033 | 3.378 | 15.63 |
| По 6 месеци | 8 | 81 | 855 | 2.2321 | 10.13 |

Табела бр. 10 – Брзина на читање – Авторитативен стил на родителство




Графикон бр. 13 – Брзина на читање – Авторитативен стил на родителство

На табела бр. 11 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Авторитативен стил на родителство, од аспект на варијаблата – број на грешки, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 месеци и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на бројот на грешки на испитаниците, изнесуваше 44.5. Во наредните 2 интервала можеме да забележиме константно намалување на оваа вредност. При посетата по 3 месеци, аритметичката средина на бројот на грешки на испитаниците изнесуваше 36.25, додека пак, по завршувањето на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме 21.5 грешки.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.14, ни укажуваат на константно подобрување на бројот на направени грешки кај испитаниците во оваа испитна група.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 434.46667, а вредноста на $p<0.0001$, резултатите се статистички сигнификантни при $p<0.05$.

| Број на грешки - Авторитативен | N | ∑X | $\sum X^2$ | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 356 | 16620 | 10.5424 | 44.5 |
| По 3 месеци | 8 | 290 | 11098 | 9.1456 | 36.25 |
| По 6 месеци | 8 | 172 | 4268 | 9.0238 | 21.5 |

Табела бр. 11 – Број на грешки – Авторитативен стил на родителство




Графикон бр. 14 – Број на грешки – Авторитативен стил на родителство

На табела бр. 12 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Авторитативен стил на родителство, од аспект на варијаблата – разбирање на контекст на текстот, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 месеци и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на испитаниците кои не го сфатиле контекстот на текстот, изразена процентуално изнесувала 50%. Во наредните 2 интервала можеме да забележиме константно подобрување. При посетата по 3 месеци, контекстот на текстот не го сфатија 25% од испитаниците, додека пак, по завршувањето на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме подобрување, каде сите испитаници успеаја да го сфатат контекстот на текстот.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.15, ни укажуваат константно подобрување во текот на испитниот период.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 4.2, а вредноста на $p<0.37253$, резултатите се статистички сигнификантни при $p<0.05$.

| Контекст - Авторитативен | N | ∑X | $∑X^2$ | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 12 | 20 | 0.5345 | 1.5 |
| По 3 месеци | 8 | 10 | 14 | 0.4629 | 1.25 |
| По 6 месеци | 8 | 8 | 8 | 0 | 1 |

Табела бр. 12 – Контекст – Авторитативен стил на родителство




Графикон бр. 15 – Контекст – Авторитативен стил на родителство

## 2.2. Резултати кај испитната група – Авторитарен стил на родителство

На табела бр. 1 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Авторитарен стил на родителство, од аспект на варијаблата - брзина на читање, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 месеци и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на брзината на читање на испитаниците, изразена во минути, изнесуваше 16.63. Во наредните 2 интервала можеме да забележиме константно намалување на оваа вредност. При посетата по 3 месеци, средното време на брзина на читање кај испитаниците изнесуваше 13.88 минути, додека пак, по завршување на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме време од 11.38 минути.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.4, ни укажуваат на константно подобрување во брзината на читање на испитаниците во оваа испитна група.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 62.62162, а вредноста на $p<0.0001$, резултатите се статистички сигнификантни при $p<0.05$.

| Брзина на читање - Авторитарен | N | ∑X | ∑X² | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 133 | 2303 | 3.6228 | 16.63 |
| По 3 месеци | 8 | 111 | 1597 | 2.8504 | 13.88 |
| По 6 месеци | 8 | 91 | 1077 | 2.4458 | 11.38 |

Табела бр. 1 – Брзина на читање – Авторитарен стил на родителство




Графикон бр. 4 – Брзина на читање – Авторитарен стил на родителство

На табела бр. 2 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Авторитарен стил на родителство, од аспект на варијаблата – број на грешки, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 месеци и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на бројот на грешки на испитаниците, изнесуваше 52.25. Во наредните 2 интервала можеме да забележиме константно намалување на оваа вредност. При посетата по 3 месеци, аритметичката средина на број на грешки на испитаниците изнесуваше 45.25, додека пак, по завршување на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме 35.5 грешки.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.5, ни укажуваат на константно намалување на бројот на направени грешки кај испитаниците во оваа испитна група.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 147.695665, а вредноста на $p<0.0001$, резултатите се статистички сигнификантни при $p<0.05$.

| Број на грешки - Авторитарен | N | ∑X | $\sum X^2$ | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 418 | 22458 | 9.3922 | 52.25 |
| По 3 месеци | 8 | 362 | 17200 | 10.82 | 45.25 |
| По 6 месеци | 8 | 284 | 10738 | 9.6806 | 35.5 |

Табела бр. 2 – Број на грешки – Авторитарен стил на родителство




Графикон бр. 5 – Број на грешки – Авторитарен стил на родителство

На табела бр. 3 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Авторитарен стил на родителство, од аспект на варијаблата – разбирање на контекст на текстот, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 месеци и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на испитаници кои не го сфатиле контекстот на текстот, изразена процентуално изнесувала 38%. Во наредните 2 интервала можеме да забележиме стагнација и мало подобрување. При посетата по 3 месеци, контекстот на текстот не го сфатија повторно 38% од испитаниците, додека пак, по завршувањето на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме подобрување, каде само 13% не успеаја да го сфатат контекстот.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.6, ни укажуваат на стагнација и мало подобрување по завршување на испитниот период.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 2.3333, а вредноста на $p<0.133484$, резултатите се статистички не сигнификантни при $p<0.05$.

| Контекст - Авторитарен | N | ∑X | $\sum X^2$ | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 11 | 17 | 0.5175 | 1.38 |
| По 3 месеци | 8 | 11 | 17 | 0.5175 | 1.38 |
| По 6 месеци | 8 | 9 | 11 | 0.3536 | 1.13 |

Табела бр. 3 – Контекст – Авторитарен стил на родителство




Графикон бр. 6 – Контекст – Авторитарен стил на родителство

## 2.3. Резултати кај испитната група – Пасивен стил на родителство

На табела бр. 4 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Пасивен стил на родителство, од аспект на варијаблата - брзина на читање, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 месеци и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на брзината на читање на испитаниците, изразена во минути, изнесуваше 16.38. Во наредните 2 интервала можеме да забележиме константно намалување на оваа вредност. При посетата по 3 месеци, средното време на брзина на читање на испитаниците изнесуваше 14.13 минути, додека пак, по завршување на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме време на брзина на читање од 12.5 минути.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.7 ни укажуваат на константно подобрување во брзината на читање на испитаниците во оваа испитна група.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 78.29231, а вредноста на $p<0.0001$, резултатите се статистички сигнификантни при $p<0.05$.

| Брзина на читање - Пасивен | N | ∑X | ∑X² | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 131 | 2229 | 3.4615 | 16.38 |
| По 3 месеци | 8 | 113 | 1661 | 3.0443 | 14.13 |
| По 6 месеци | 8 | 100 | 1296 | 2.5635 | 12.5 |

Табела бр. 4 – Брзина на читање – Пасивен стил на родителство




Графикон бр. 7 – Брзина на читање – Пасивен стил на родителство

На табела бр. 5 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Пасивен стил на родителство, од аспект на варијаблата – број на грешки, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 месеци и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на бројот на грешки на испитаниците, изнесуваше 46.88. Во наредните 2 интервала можеме да забележиме константно намалување на оваа вредност. При посетата по 3 месеци, аритметичката средина на број на грешки на испитаниците изнесуваше 42.13, додека пак, по завршување на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме 37.88 број на грешки.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.8, ни укажуваат на константно подобрување на бројот на направени грешки кај испитаниците во оваа испитна група.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 34.5736, а вредноста на $p<0.0001$, резултатите се статистички сигнификантни при $p<0.05$.

| Број на грешки - Пасивен | N | ∑X | ∑X² | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 375 | 18139 | 8.9513 | 46.88 |
| По 3 месеци | 8 | 337 | 14623 | 7.8091 | 42.13 |
| По 6 месеци | 8 | 303 | 11763 | 6.4017 | 37.88 |

Табела бр. 5 – Број на грешки – Пасивен стил на родителство




Графикон бр. 8 – Број на грешки – Авторитарен стил на родителство

На табела бр. 6 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Пасивен стил на родителство, од аспект на варијаблата – разбирање на контекст на текстот, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 месеци и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на испитаници кои не го сфатиле контекстот на текстот, изразена процентуално изнесувала 38%. Во наредните 2 интервала можеме да забележиме стагнација и мало подобрување. При посетата по 3 месеци, контекстот на текстот не го сфатија повторно 38% од испитаниците, додека пак, по завршувањето на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме подобрување, каде само 13% од испитаниците не успеаја да го сфатат контекстот.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.9, ни укажуваат на стагнација и мало подобрување по завршувањето на испитниот период.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 1, а вредноста на $p<0.392696$, резултатите се статистички несигнификантни при $p<0.05$.

| Контекст - Пасивен | N | ∑X | ∑X² | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 11 | 17 | 0.5175 | 1.38 |
| По 3 месеци | 8 | 11 | 17 | 0.5175 | 1.38 |
| По 6 месеци | 8 | 9 | 11 | 0.3536 | 1.13 |

Табела бр. 6 – Контекст – Пасивен стил на родителство




Графикон бр. 9 – Контекст – Пасивен стил на родителство

## 2.4. Резултати кај испитната група – Индиферентен стил на родителство

На табела бр. 7 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Индиферентен стил на родителство, од аспект на варијаблата - брзина на читање, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 месеци и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на брзината на читање на испитаниците, изразена во минути, изнесуваше 17. Во наредните 2 интервала можеме да забележиме константно намалување на оваа вредност. При посетата по 3 месеци, средното време на брзината на читање на испитаниците изнесуваше 14.63 минути, додека пак, по завршувањето на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме време од 14.13 минути.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.10 ни укажуваат на константно подобрување во брзината на читање на испитаниците во оваа испитна група.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 38.20482, а вредноста на $p<0.0001$, резултатите се статистички сигнификантни при $p<0.05$.

| Брзина на читање - Индиферентен | N | ∑X | ∑X² | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 136 | 2372 | 2.9277 | 17 |
| По 3 месеци | 8 | 117 | 1761 | 2.6693 | 14.63 |
| По 6 месеци | 8 | 113 | 1663 | 3.0909 | 14.13 |

Табела бр. 7 – Брзина на читање – Индиферентен стил на родителство




Графикон бр. 10 – Брзина на читање – Индиферентен стил на родителство

На табела бр. 8 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Индиферентен стил на родителство, од аспект на варијаблата – број на грешки, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 месеци и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на бројот на грешки на испитаниците, изнесуваше 49.5. Во наредните 2 интервала можеме да забележиме константно намалување на оваа вредност. При посетата по 3 месеци, аритметичката средина на бројот на грешки на испитаниците изнесуваше 46.88, додека пак, по завршувањето на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме 42.5 грешки.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.11, ни укажуваат на константно подобрување на бројот на направени грешки кај испитаниците во оваа испитна група.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 212.74684, а вредноста на $p<0.0001$, резултатите се статистички сигнификантни при $p<0.05$.

| Број на грешки - Индиферентен | N | ∑X | ∑X² | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 396 | 20302 | 10 | 49.5 |
| По 3 месеци | 8 | 375 | 18251 | 9.8043 | 46.88 |
| По 6 месеци | 8 | 340 | 15172 | 10.1559 | 42.5 |

Табела бр. 8 – Број на грешки – Индиферентен стил на родителство




Графикон бр. 11 – Број на грешки – Индиферентен стил на родителство

На табела бр. 9 се прикажани резултатите нотирани кај испитната група - деца со родители кои практикуваат Индиферентен стил на родителство, од аспект на варијаблата – разбирање на контекст на текстот, забележани во трите испитни интервали – при првата посета, по 3 месеци и по 6 месеци.

При иницијалната посета, можеме да забележиме дека аритметичката средина на испитаници кои не го сфатиле контекстот на текстот, изразена процентуално изнесувала 50%. Во наредните 2 интервала можеме да забележиме стагнација и мало подобрување. При посетата по 3 месеци, контекстот на текстот не го сфатија повторно 50% од испитаниците, додека пак, по завршувањето на испитниот период, односно по 6 месеци, забележавме подобрување, каде 38% не успеаја да го сфатат контекстот.

Овие резултати, прикажани во форма на тренд линија на графикон бр.12, ни укажуваат на стагнација и мало подобрување по завршување на испитниот период.

Со употреба на АНОВА тестот, каде F-ratio = 1, а вредноста на $p<0.392696$, резултатите се статистички несигнификантни при $p<0.05$.

| Контекст - Индиферентен | N | ∑X | $∑X^2$ | Стандардна отстапка | Аритметичка средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва посета | 8 | 12 | 20 | 0.5345 | 1.5 |
| По 3 месеци | 8 | 12 | 20 | 0.5345 | 1.5 |
| По 6 месеци | 8 | 11 | 17 | 0.5175 | 1.38 |

Табела бр. 9 – Контекст – Индиферентен стил на родителство




Графикон бр. 12 – Контекст – Индиферентен стил на родителство

## 2.5. Компарација на резултатите од четирите испитни групи

### 2.5.1. Брзина на читање

По спроведување на АНОВА тестот во рамките на сите четири испитни групи, нивните аритметички средини ги нотиравме, при што со споредување на добиените резултати од трите испитни периоди (почеток, по 3 месеци и по 6 месеци), можеме процентуално да го изразиме подобрувањето за секоја испитана варијабла.

По спроведување на редовни и сеопфатни третмани за дислексија во период од 6 месеци, од аспектот на брзина на читање ова истражување покажа подобрување кај сите 4 испитни групи. Брзината, јасноста и самодовербата константно се подобруваше кај испитаниците од сите испитни групи, со тоа што забележавме различно ниво на успех кај сите групи. Од трите испитани варијабли, брзината на читање се најде на средина во однос на процентуалното подобрување на крајот од испитниот период. Иако испитаниците и по испитниот период сè уште читаа побавно од нивните врсници, подобрувањето беше очигледно.

Ова подобрување, покажано во форма на тренд линии, можеме да го видиме на графикон бр. 16. На овој графикон можеме да нотираме дека испитаниците од групата – Авторитативен стил, забележале најголемо подобрување во брзината на читање, подобрување од 47.38%. Наредна група од аспект на оваа варијабла беше групата – Авторитарен стил, со подобрување од 31.59%, следена од групата – Попустлив стил

со 23.64% и последна, со најмало подобрување, беше групата – Индиферентен стил, со подобрување од 16.88%.

Со употреба на т-тест, со кој се споредуваа аритметичките средини на испитаните групи при првата посета и при крајот на третманот, односно по 6 месеци, каде вредноста на т=4.91469 и $p<0.05$, можеме да забележиме статистичка сигнификантна разлика помеѓу овие резултати.




Графикон бр. 16 – Брзина на читање – Компарација на четирите испитни групи

### 2.5.2. Број на грешки

По спроведување на редовни и сеопфатни третмани за дислексија во период од 6 месеци, од аспектот на број на грешки ова истражување покажа подобрување кај сите 4 испитни групи. Граматичките грешки, супституцијата на слоговите, како и неперцепирањето на интерпункциските знаци константно се подобруваше кај испитаниците од сите испитни групи, со тоа што забележавме различно ниво на успех кај сите групи. Од трите испитани варијабли, бројот на грешки покажа најголемо процентуално подобрување на крајот од испитниот период. Иако испитаниците и по испитниот период сѐ уште правеа грешки подобрувањето беше очигледно.

Ова подобрување, покажано во форма на тренд линии, можеме да го видиме на графикон бр. 17. На овој графикон можеме да нотираме дека испитаниците од групата – Авторитативен стил, забележале најголемо подобрување во бројот на грешки, подобрување од 51.69%. Наредна група од аспект на оваа варијабла беше групата – Авторитарен стил, со подобрување од 31.73%, следена од групата – Попустлив стил со 19.2% и последна, со најмало подобрување, беше групата – Индиферентен стил, со подобрување од 14.14%.

Со употреба на т-тест, со кој се споредуваа аритметичките средини на испитните групи при првата посета и при крајот на третманот, односно по 6 месеци, каде вредноста на $т=2.89141$ и $p<0.05$, можеме да забележиме статистичка сигнификантна разлика помеѓу овие резултати.




Графикон бр. 17 – Број на грешки – Компарација на четирите испитни групи

### 2.5.3. Контекст

По спроведување на редовни и сеопфатни третмани за дислексија во период од 6 месеци, од аспектот на разбирање на контекстот на текстот ова истражување покажа подобрување кај сите 4 испитни групи. Разбирањето на контекстот константно се подобруваше кај испитаниците од сите испитни групи, особено кај повозрасните испитаници, со тоа што забележавме различно ниво на успех кај сите групи. Од трите испитани варијабли, разбирањето на контекстот на текстот покажа најмало процентуално подобрување на крајот од испитниот период, што е сосема разбирливо ако се земе во предвид дека голем број од испитаниците и при самиот почеток на испитувањето веќе немаа проблеми да го разбират испитниот текст.

Ова подобрување, покажано во форма на тренд линии, можеме да го видиме на графикон бр. 18. На овој графикон можеме да нотираме дека испитаниците од групата – Авторитативен стил, забележале најголемо подобрување во разбирањето на контекстот, подобрување од 33.33%. Наредна група од аспект на оваа варијабла беше групата – Авторитарен стил, со подобрување од 18.25%, следена од групата – Попустлив стил со 8.76% и последна, со најмало подобрување, беше групата – Индиферентен стил, со подобрување од 8.67%.

Со употреба на т-тест, со кој се споредуваа аритметичките средини на испитните групи при првата посета и при крајот на третманот, односно по 6 месеци, каде вредноста на $т=3.25953$ и $p<0.05$, можеме да забележиме статистичка сигнификантна разлика помеѓу овие резултати.




Графикон бр. 18 – Контекст – Компарација на четирите испитни групи

# 3. ДИСКУСТИЈА И РЕЗУЛТАТИ ОД ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

При изработката на овој труд, наидовме на потешкотии при наоѓање на релевантни истражувања, бидејќи оваа тема е релативно не испитана, што беше и дополнителна мотивација за нас. Соочени со оваа лимитирана литература, ги издвоивме следниве релевантни истражувања.

Во истражувањето на Rui Manuel Carreteiro et al, дошле до интересен заклучок. Според нивното истражување, стилот на родителство имал големо влијание врз разбирањето на значењето на зборовите и нивната функција во реченицата, односно семантиката, како и точниот редослед на зборовите во реченицата, односно синтаксата. Аспектот од читањето врз кој стил на родителство немал влијание била лексиката, односно подготвувањето на речениците, аспект кој е најповрзан со дислексијата. Според ова истражување, стилот на родителство не треба да има влијание врз успехот на третманот на дислексијата од граматички аспект, но воспитувањето има влијание врз соработката на децата за време на часовите и при работата во домашни услови. Овие резултати, иако директно не одат во прилог на нашето истражување, авторите го истакнуваат ефектот на стилот на родителство врз соработката на децата во работната средина (Carreteiro, Justo, Figueira, 2016).

Ефектот на стилот на родителство врз способноста за учење на децата на рана школска возраст било предмет на истражување на

Chuibin Kong et al. Во нивниот труд, каде биле тестирани 235 родители од кои 150 мајки и 85 татковци, во студија која траела 3 месеци на територијата на Кина, тие дошле до заклучок дека родителите кои имале поголема способност за самоефикасност, гравитирале повеќе кон авторитативниот стил на родителство, што се покажал и како најефикасен, факт што ја потврдува нашата хипотеза. Како би се подобрил стандардот на учење и би им се помогнало на децата да го искажат својот потенцијал и полесно да ги совладаат препреките во учењето, како дислексијата, тие препорачуваат поголем фокус во правилна едукација на родителите, како би биле посвесни за стилот што треба да го употребуваат со своите деца (Kong, Yasmin, 2022).

Кога станува збор за децата на возраст од 8 до 10 години, можеме да го свртиме фокусот на истражувањето на Kuppens S. et al. Во нивното истражување, спроведено на 600 фамилии од фламанската етничка припадност, лоцирана во Холандија, тие ги нотирале следните резултати. Тие забележале три стила на родителство кај оваа испитна група, имено авторитативен, авторитарен и индифирентен, кои очекувано, дале резултати што се совпаѓаат со нашето испитување. Најдобри резултати покажале испитаниците во групата авторитативни родители, споредено со останатите две групи (Kuppens, Ceulemans, 2019).

Иако академскиот успех на децата, не е директен предиктор за успехот на третманот за дислексија, докажано е дека стилот на родителство има влијание врз истиот. Децата што покажуваат поголема академска предиспозиција, се попосветени, работат со своите родители, а тие карактеристики може да имаат големо влијание врз успехот на

третманите. Zahra Zahed Zahedani et al ја испитувале токму оваа корелација помеѓу стилот на родителство и академскиот успех на децата, како предиктор за успех во адолесцентната возраст. Во нивното истражување јасно е нотирана корелацијата помеѓу негувањето на авторитативен стил и високото ниво на академски успех, факт кој го поддржува нашето истражување (Zahedani, Rezaee, Yazdani, Bagheri, Nabeiei, 2016).

# VI. ВЕРИФИКАЦИЈА НА ХИПОТЕЗИ, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

# 1. ВЕРИФИКАЦИЈА НА ХИПОТЕЗИ

- Х1 - Различните стилови на родителство да дадат различни нивоа на успех во третманот на дислексија.

Примарната хипотеза беше **потврдена**. Нашето истражување неоспорно покажа дека стилот на родителство има големо влијание врз успехот на третманите за дислексија. При компарација на аритметичките средини на четирите испитувани групи, кои кореспондираа на четирите стила на родителство, можеме да забележиме сигнификантно значајни разлики во успехот на третманите за дислексија.

Со оглед на тоа дека секое испитувано дете испитниот текст го читаше со различна брзина, точност и способност да го сфати контекстот на текстот, успехот на третманите се нотираше според процентуалното подобрување на овие параметри по завршувањето на шестмесечниот испитен период.

- Х2 - Авторитативниот стил очекуваме да доведе до најдобри резултати на третманот.

Статистичката анализа, со помош на АНОВА тестот, ни укажа дека Авторитативниот стил на родителство покажа најдобар успех, со подобрување од 47.38% во брзината на читање, 51.69% во бројот на грешките и 33.33% во разбирањето на контекстот на испитниот текст. Овој стил на родителство, со неговата комбинација на топлина, внимание, како и структура и граници повеќе базирани на водство отколку на казна, се покажа како идеален за потенцирање на успехот на третманите за дислексија.

Овој резултат беше очекуван од наша страна, со што оваа хипотеза се **потврдува** во целост.

- Х3 - Авторитарниот стил очекуваме да доведе до релативно позитивни резултати на третманот.

Резултатите покажаа дека Авторитарниот стил, карактеризиран со строг однос, каде се поставуваат големи очекувања врз детето, строги граници и фокусот е ставен на дисциплината, применувајќи казни, е втор најефективен од испитуваните стилови на родителство. Тука забележавме подобрување од 31.59% на брзината на читање, 31.73% во однос на бројот на грешки и 18.25% во разбирањето на контекстот на текстот.

Со оглед на тоа дека можеме да забележиме статистички релевантно подобрување, и оваа хипотеза се **потврдува**.

- Х4 - Попустливиот стил очекуваме да доведе до минимално позитивни резултати на третманот.

Статистиката во испитната група – Попустилв стил, чија карактеристика е голема топлина и љубов, но отстуството на граници кај децата и однос каде децата имаат контрола врз родителите со тоа што им дозволуваат сè што ќе посакаат, се покажа како трета најуспешна група, иако резултатите во најголемиот дел беа поради индивидуалната работа со децата за време на третманите, поради неможноста на родителите да ги убедат децата да работат во домашни услови.

Тука забележавме подобрување од 23.64% во брзината на читање, 19.2% во бројот на направени грешки при читањето на текстот и 8.76% во разбирањето на контекстот. Со тоа се **потврдува** и оваа хипотеза.

- Х5 - Индиферентниот стил очекуваме да има најмало влијание врз успехот на третманот.

Последната група – Индиферентен стил, која, за жал, е сè поприступна во модерниот живот, се карактеризира со тоа што родителите се фокусирани на себе и својата професионална кариера, децата најчесто се препуштени на баби и дедовци кои не можат да им пружат на децата помош во специфичните вежби потребни при овој третман, покажа најслаби резултати. Тие покажаа подобрување од 16.88% во брзината на читање, 14.14% во бројот на грешките и 8.67% во разбирањето на контекстот.

Со ова се **потврдува** и последната хипотеза.

## 2. ЗАКЛУЧОК

Од ова истражување можеме да заклучиме дека стилот на родителство има големо влијание врз успехот на третманите за дислексија. Ова го забележуваме од јасната и сигнификантна разлика во успехот кај четирите испитувани групи.

## 3. ПРЕПОРАКИ

Препорачуваме да се негува авторитативниот стил на родителство, кој е амалгам на најдобрите карактеристики на сите стилови, каде детето работи за време на третманите и ги прави вежбите во домашни услови, соработува и има граници, се избегнува поставување на преголеми очекување и употреба на казни, а наместо тоа децата се поддржуваат со љубов и внимание. Овој стил се покажа како неприкосновен и статистички најдобар.

Доколку не може да се употребува авторитативниот стил, краткорочно препорачуваме употреба на авторитарен стил, но само доколку претходно се употребувал еден од другите два преостанати стилови на родителство (попустлив и индиферентен), по што би се направило транзиција кон авторитативниот стил на родителство. Овој резултат дава краткорочни резултати и го зголемува стресот кај децата, што е контрапродуктивно при третманот на дислексија.

Попустливиот стил, иако има добри карактеристики, доведува до деца кои не почитуваат авторитет, имаат проблеми при соработката за време на третманите и училиштето, со што не можеме да го препорачаме.

Како последен, како во резултатите, така и во нашата препорака, заслужено се наоѓа индиферентниот стил на родителство. Децата, особено во нивните формативни години, бараат големо внимание, време и љубов, нешто што недостасува во овој стил на родителство, факт кој се отсликува и во резултатите од ова испитување.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Bonifacci P., Montucshi M., Lami L. & Snowling M.J. (2014) *Parents of children with dyslexia: cognitive, emotional and behavioural profile*. Dyslexia. 20(2):175-90.

Carreiro R.M., Justo J.M. Figueria A.P. (2016). *Reading Process and Parenting Styles*. J Psycholiguis Res. 45(4):901-914

Delvecchio E., Germani A., Raspa V., Lis A., Mazzeschi C. (2020) *Parenting Styles and Child's Well Being: The Mediating Role of the Perceived Parental Stress*. 16(3): 514-531.

Ellis L., Hoskin A. & Ratnasingam M. (2018) *Handbook of Social Status Correlates*. 47-73.

Hosokawa, R., Katsura, T. (2019) *Role of Parenting Style in Children's Behavioral Problems through the Transition from Preschool to Elementary School According to Gender in Japan*. Int J Environ Res Public Health. 16(1):21

Howenstein, J., Kumar A., Casamassimo P., McTigue, D., Coury D., Yin, H. (2015). *Correlating Parenting Styles with Child Behavior and Caries*. Peditr Dent. 37(1): 59-64

Huang A., Sun M., Zhang X., Lin Y., Lin, X., Wu K., Huang Y. (2021) *Self-Concept in Primary School Students with Dyslexia: The Relationship to Parental Rearing Styles*. Int J Envior Res Public Health. 18(18):9718

Febiyanti A. & Rachmawati Y. (2021). *Is Authoritative Parenting the Best Parenting Style?*. Advances in Social Science, Education and Humanities Research, 538: 90-95.

Jain A. & Boora S. (2020*). Emotional autonomy and self esteem in teenagers: in association with authoritative parenting style*. International Journal of Indian Psychology*,* 8*(4): 60-65*.

Kimble A., Hubs-Tait L., Topham G. & Harrist A. (2015) *Family Affective Involvement Mediates the Relation between Uninvolved Parenting Style and Child Depression Rating*. Conference: Biennial meeting of society for research in child development, Presentation.

Kong C., Yasmin F. (2022). *Impact of Parenting Style on Early Childhood Learning: Mediating Role of Parental Self-Efficacy*. Front Psyhol. 13: 928629

Kuppens S., Ceulemans E. (2019). *Parenting Styles: A Closer Look at a Well-Known Concept*. J Child Fam Stud. 28(1):168-181

McWhirter A. C., McIntyre L.L., Kosty D.B., Stormshak E. (2023) *Parenting Styles, Family Characteristics, and Teacher-Reported Behavioral Outcomes in Kindergarten*. J Child Fam Stud. 32(3): 678-690

Nomaguchi K., Milkie M. (2020) *Parenthood and Well-Being: A Decade in Review*. J Marriage Fam. 82(1): 198:223

Payne K. & Ross L. (2019). *Simplicity Parenting: Using the Extraordinary Power of Less to Raise Calmer, Happier, and More Secure Kids*, New York: Ballantine books.

Perry C. (2019) *Authoritarian parenting: The Pros and Cons, According to a Child Psychologist*. https://www.parents.com/parenting/better-parenting/style/authoritarian-parenting-the-pros-and-cons-according-to-a-child-psychologist

Power G. T. (2013). *Parenting Dimensions and Styles: A Brief History and Recommendations for Future Research*. Child Obes. 9(1), 14-21

Rebecca V. & Valanne M. (2020).*Permissive Parenting as a Contributing Factor to the Development of Narcissism*. Masters Thesis, University of Louisiana at Lafayette.

Rief S. & Stern J. (2010). *The Dyslexia Checklist: A Practical Reference for Parents and Teachers*. San Francisco, CA: Jossey Bass.

Sadeghi S., Ayoubi S., Brand S. (2022) *Parenting Styles Predict Future-Oriented Cognition in Children: A Cross Sectional Study*. Children (Basel) 9(10):1589

Salavera C., Usan, P., Quilez-Robles A., (2022) *Exploring the Effect of Parental Styles on Social Skills: The Mediating Role of Affects*. Int J Envior Res Public Health. 19(6):3295

Sanvictores T., Mendez D. M. (2023). *Types of Parenting Styles and Effects on Children*. StatPearls, 2023.

Schulte-Körne G. (2010). *The Prevention, Diagnosis, and Treatment of Dyslexia*. Dtsch Arztebl Int.107(41): 718–727.

Shyhy T.Y. (2017). *Construction and Validation of PS-FFQ (Parenting style four factor questionnaire*. International Journal of Engineering development and research. 5(3): 426-437.

Snowling M., Hulme C., Nation K. (2020) *Defining and Understanding Dyslexia: Past, Present and Future*. Oxf Rev Educ. 46(4):501-513

Zahedani Z.Z., Rezaee R., Yazdani Z., Bagheri S., Nabeiei P. (2016). *The Influence of Parenting Style on Academic Achievement and Career Path*. J Adv Med Educ Prof. 4(3): 130-134

Каровска Ристовска А., Кардалеска Љ., Ајдински Г., Шурбановска О. (2018) .*Процена и стратегии за работа со ученици со дислексија, дисграфија, дискалкулија и диспраксија*. Скопје: Филозофски факултет.

Тасевска А. (2022). *Педагошки аспекти на родителство. Монографија. Скопје: Филозофски факултет*.

# ПРИЛОЗИ

## 1. ПРАШАЛНИК ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА СТИЛОТ НА РОДИТЕЛСТВО (PARENTING STYLE FOUR FACTOR QUESTIONNAIRE).

Запишете го степенот на согласност за секое од наведените прашања.

| | Прашање | Секогаш | Често | Повремено | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Сакам моето дете да ги следи моите инструкции, бидејќи јас сум авторитет и јас одредувам што да прави, што да не прави | | | | | |
| 2 | Сакам да бидам пријател, филозоф и водич на моето дете | | | | | |
| 3 | Многу сум мек со моето дете и не можам да му изречам казна кога тоа е соодветно | | | | | |
| 4 | Немам никакви барања и контрола врз моето дете, и му давам целосна слобода | | | | | |
| 5 | Немам трпение за лош однос од страна на моето дете или да слушам изговори за какви било грешки | | | | | |
| 6 | Ги разбирам чувствата на моето дете во сите ситуации и секогаш пробувам да добијам негово мислење пред да му купам нешто | | | | | |
| 7 | Кога моето дете има лоши оценки на училиште, не го казнувам, туку мислам | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | дека наредниот пат ќе биде подобро. | | | | | |
| 8 | Бидејќи сум тажен и во депресија, не можам да бидам емотивно присутен за моето дете | | | | | |
| 9 | Силно верувам дека иднината на моето дете е во моите раце и тоа значи дека мора да се придржува до предвидените цели кои ги имам замислено | | | | | |
| 10 | Битни одлуки во рамките на семејството се прават заедно и му давам целосна слобода на моето дете да споделува сè што сака со мене | | | | | |
| 11 | Го наградувам моето дете со вредни подароци кога ме слуша или се однесува правилно | | | | | |
| 12 | Бидејќи сум многу зафатен со мојата работа и домашни обврски, немам време да се посветам на училишниот успех и потребите на моето дете | | | | | |
| 13 | Имам јасна визија за очекувањата кои ги имам за моето дете и нивното мислење нема никакво влијание врз моите очекувања | | | | | |
| 14 | Бидејќи ги знам позитивните и негативните аспекти на моето дете, му поставувам соодветни правила и пријателски | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | го поправам кога тоа е соодветно | | | | | |
| 15 | Иако имам јасна визија за моето дете и неговата иднина, не можам секогаш да ја спроведам бидејќи сум попустлив | | | | | |
| 16 | Под голем стрес сум и не можам да се грижам за доброто на моето дете | | | | | |
| 17 | Вообичаено практикувам физичка казна за моето дете, бидејќи сум сигурен дека нема да ме слуша кога му зборувам | | | | | |
| 18 | Не му наметнувам идни кариери на моето дете и му помагам да си постави реалистични цели | | | | | |
| 19 | Бидејќи моите родители беа многу строги, јас сум многу либерален со моето дете | | | | | |
| 20 | Често се фокусирам повеќе на моите потреби и желби, отколку на тие на моето дете | | | | | |
| 21 | Мислам дека казните треба да бидат строги за децата и на моето дете не му давам само да носи финансиски одлуки | | | | | |
| 22 | Кога моето дете не ги исполнува своите обврски, со љубов и внимание го потсетувам за неговите обврски | | | | | |
| 23 | Сакам да имам топол однос кон моето дете и преземам одговорност | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | за моите недостатоци како родител | | | | | |
| 24 | Бидејќи сум многу зафатен, моето дете има слобода само да носи одлуки за одредени работи | | | | | |
| 25 | Видот на казната на моето дете зависи од моето расположение | | | | | |
| 26 | Дозволувам моето дете да ме разубеди од казна откако направило нешто погрешно | | | | | |
| 27 | Секогаш се заканувам со казни за лош однос, но не ги спроведувам редовно | | | | | |
| 28 | Бидејќи имам многу големи проблеми, немам време да се справувам со лошиот однос на моето дете | | | | | |
| 29 | Кога моето дете ќе згреши нешто, реагирам бесно | | | | | |
| 30 | Наоѓам време да отидам во училиштето на моето дете за да видам како напредува и да ги запознаам неговите учители | | | | | |
| 31 | Бидејќи премногу го сакам, моето дете нема дисциплина | | | | | |
| 32 | Не му кажувам на моето дете каде ќе одам и зошто доцнам | | | | | |

Прашања за авторитарен стил: 1, 5, 9, 13, 17, 21, 25, 29

Прашања за авторитативен стил: 2, 6, 10, 14, 18, 22, 26, 30

| | |
|---|---|
| Прашања за попустлив стил: | 3, 7, 11, 15, 19, 23, 27, 31 |
| Прашања за индиферентен стил: | 4, 8, 12, 16, 20, 24, 28, 31 |

## 2. ТЕКСТ ЗА ТЕСТИРАЊЕ НА ДИСЛЕКСИЈА.

### Жаба

Жабата живее во сите краишта на Земјината топка. Во текот на студените месеци, таа преспива на дното на помалите бари или зад поголеми камења. Напролет се враќа и почнува да крека од езерцата и мочуриштата. Клекната на лист од лотос или притаена меѓу трските, жабата ги демне инсектите со кои се храни. Прилега на дебел господин кој ставил бел елек преку надуениот стомак и големи очила на тркалезните очи. Но, штом се зачуе и најмал шум, водата веднаш ќе плисне, а жабата ќе исчезне.

Жабата се движи скокајќи со помош на нејзините задни нозе, кои се оптегаат како пружини. Тие исти нозе, зготвени на различни начини, стануваат многу вкусно јадење што го бараат љубителите на деликатеси. Ако ја ставите во тегла дополу наполнета со вода, жабата може да послужи како барометар. За да уловите жаба, треба да ѝ фрлите црвено крпче што таа стварно ќе го загризе.

# Жирафа

Жирафата е највисокото од сите животни. Таа е кротко и мирно животно. Жирафата живее низ рамниците на Африка и се храни со лисјата од високите дрвја, бидејќи за неа е мачно да пасе трева по ливадите. Треба да се прашаме дали природата ги населила жирафите во областите каде што има палми или, пак, засадила палми во краиштата каде што живеат жирафи.

Над долгите нозе и над издолжениот труп на жирафата, на крајот од бесконечниот врат, се наоѓа нејзината малечка глава со неспокојни очи. Можеби ја фаќа вртоглавица кога гледа од високо? Таа има и две безопасни рогчиња со кои не може никого да повреди, па затоа бега брзо и при најмала опасност.

## 3. ИНДИВИДУАЛЕН КАРТОН ЗА ИСПИТАНИЦИТЕ.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име и презиме** | | | |
| **Возраст** | | **Пол** | |
| **Стил на родителство** | | | |
| **Резултати од тест за дислексија** | | | |
| | **Прва посета** | **По 3 месеци** | **По 6 месеци** |
| **Брзина на читање** | | | |
| **Број на грешки** | | | |
| **Контекст** | | | |